**Ученик правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето.**

**Директорот го информира Советот на родители и наставниците за воспоставувањето на функцијата ученик правобранител во училиштето, за поголема отвореност за соработка меѓу родителите, наставниците и учениците, за активно вклучување и целосна поддршка за реализација на активности во училишниот живот.**

Врз основа на горенаведеното училиштето објавува:

**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА**

**УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И НЕГОВИ ЗАМЕНИЦИ**

- **Повикот се однесува на учениците кои учат во нашето училиште.**

- **Во основните училишта за ученик правобранител се препорачува да аплицираат само учениците од VII и VIII одделение.**
- **За заменици можат да аплицираат и ученици од помладите ученичк игенерации, односно VI одделение.**
- **Во повикот јасно се опишува позицијата и обврските на функцијата ученик правобранител и неговите заменици со потенцирање на горенаведените возрасни услови за пријавување.**
- **Со повикот се приложува и формулар за пријавување.**
- **Датумот за поднесување на пријави е од 16.10.2023 год.- до 20.10.2023 год**
- **Пријавите од страна на учениците се подигнуваат и се доставуваат до стручната служба.**

- **Селекцијата на пријавените кандидати ќе ја врши Комисија составена од (директор, педагог, психолог, двајца наставнци и еден ученик -претседателот на ученичкиот парламент или негов заменик. Комисијата ќе ги разгледува пријавите за ученик правобранител и да изврши селекција според утврдените критериуми.**

- **Финалниот избор на ученик правобранител и неговите заменици по пат на тајно гласање од страна на учениците од VII,VIII и IX одд. ќе се одржи на 25.10.2023 год. и ќе бидат објавени резултатите.**

**Задача на комисијата**

На однапред договорен состанок Комисијата одлучува по пријавите за функцијата ученик правобранител и неговите/нејзинитезаменици/чки. При селекцијата се земаат во предвид следните критериуми:

- пол,
- возраст,
- основно познавање на детски права,
- мотивација за пријавувањето,
- комуникациски и организациски способности,
- етничко потекло (во зависност од етничката застапеност во училиштето),
- претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.

Се препорачува Комисијата да спроведе интервју со пријавените кандидати со цел да ги утврди компетенциите на кандидатите.

Комисијата преку гласање селектира Ученик правобранител и негови/нејзини заменици/чки. Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат.

## Мандат на ученичкиот правобранител

Мандатот на ученикот правобранител и неговите заменици е **2 години**. По завршувањето на мандатот се објавува нов повик. На повикот можат да се пријават и замениците правобранители вклучени во првиот циклус. По завршувањето на мандатот училиштето му доделува **сертификат на ученикот правобранител** за одредениот временски период.

Доколку за време на мандатот, ученикот правобранител не е во можност да продолжи со активностите врз основа на разни причини, Комисија за евалуација на пријавите за ученик правобранител номиниран е еден од замениците се до завршувањето на регуларниот мандат. Доколку и учениците заменици не се во можност да продолжат со нивните одговорности, Комисија одлучува за распишување на нов (предвремен) повик за избор на ученик правобранител.

## Функцијата и улогата на ученик правобранител

Функцијата и улогата на ученик правобранител и неговите заменици ќе биде составена од три примарни компоненти:

1. **Промовирање на детските права**. Задачата на ученикот правобранител за промовирањето на детските права примарно ќе биде реализирана преку промотивни активности (**едукативни работилници, дебати, инфо денови итн.**). Информации за содржината на работилниците ќе бидат обезбедени од страна на стручната служба во училиштето. Исто така ,учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Логистичка помош обезбедува Тимот за Ресурсен Пакет.
2. **Поддршка за заштита на детските права**: Втората задача на ученикот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците. Понатаму ученикот правобранител ги доставува поплаките до стручната служба на натамошно решавање и редовно го консултира заменик народниот правобранител задолжен за детски права.Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишната заедница и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Учениците правобранители имаат редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученикот правобранител учествува во работата на ученичкиот парламент.

Ученикот правобранител треба да подготви и достави месечни извештаи од овие активности до стручната служба. Наодите од извештаите ќе се користат за дизајнирање на идните активности.

## Процедура за поднесување претставки, комуникација со училишниот персонал и народниот правобранител

**Жалба/поплака/претставка**(Прилог 4)може да поднесе секој ученик на училиштето, доколку смета дека е повредено некое негово право. Формата за претставката треба да биде достапна на веб страната на училиштето. Пополнетата претставка се доставува до ученикот правобранител или некој од неговите заменици. Доставувањето може да биде по електронски пат или лично. Ученикот правобранител поседува посебна е-маил адреса која што ќе му ја обезбеди училиштето. Е-маил адресата е наведена на веб страната на училиштето. Доколку оној кој пријавува повреда на некое право сака да контактира лично со ученикот правобранител, може

да оствари директна средба со него. По состанокот се заклучува дали треба да се пополни претставката и да се достави официјално до ученикот правобранител.

Претставката може да биде **потпишана** и да содржи лични податоци на подносителот**(индивидуална**), да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели претставката или претставката може да биде **анонимна.** Исто така, претставката може да биде **групна** (од повеќе ученици или цело одделение).

Анонимната претставка може да се доставува само по електронски пат, но мора да ги содржи сите факти врз кои се темели сознанието за прекршување на детските права.

Откако ученикот/чката адекватно ја доставил/а претставката до ученикот правобранител, ученикот правобранител одредува дали претставката е соодветна и дали ученикот/чката ја следел/а стандардната процедура за доставување претставка. Ученикот правобранител во консултација со замениците одредува дали претставката е прекршување на некое детско право или претстсавката не е соодветна за понатамошно разгледување.

По доставена претставка по регуларен пат, доколку таа е потпишана односно не е анонимна, ученикот правобранител или неговите заменици/чки се обидуваат да договорат состанок со оној кој ја поднесува поплаката во соодветно време и место. Од тој состанок ученикот правобранител или замениците прават краток записник со најбитните елементи и ја продолжуваат комуникацијата со стручните служби. Доколку претставката е од посериозен карактер, ученикот правобранител воспоставува контакт со Заменикот народен правобранител задолжен за детските права со цел запознавање со случајот и утврдување понатамошни насоки. Поутврдувањето на насоките, претставката заедно со записникот се доставува до стручната служба на училиштето.Понатаму, ученикот правобранител дискутира за претставката и записникот од состанокот (доколку го има) со стручната служба. Доколку стручната служба не најде решение за доставената претставка, истата се процесира до Народниот правобранител, кој доколку утврди сериозно прекршување на детските права, ќе делува во согласност со своите надлежности. Ученикот правобранител заедно со стручната служба води листа за евиденција на прекршени детски права .

Октомври, 2023

Стручни соработници
ООУ„Кире Гаврилоски-Јане“-Прилеп